


# СЕРГЕЈ

Мај 1986

# КАДЕ ОДИШ, НЕПОДВИЖЕН?
## (Говорот на сликите од изложбата на Сергеј Андреевски)*

Нозете ми се големи. Далеку можам да стигнам. Рацете крупни — многу нешта да допрам можам. Но седам окаменет во својата немоќност.

2.

Имам многу глави — нежно сини — што лебдеат — недофатливи. Сите кружат околу една црвена — крвава — единствено видлива.

3.

Кога топлиот збор ќе се зафрли нацртувам коњ-и очите му ги обојувам со благост за да биде секогаш верен на сите — зашто јас тоа не можам секогаш.

4.

Автопортрет. Во право си ти што не можеш да ме препознаеш ти што не ти личам. Умрен е одамна тука насликаниот. Жива е единствено уште една боја од таа слика — но верувај не знам која.

5.

Те гледам темна птицо иако мислиш дека си вон досегот на моите очи. Те гледам со нешто друго — скриено — со што ти мене никогаш не ќе ме видиш. И тоа е мојата предност над тебе.

6.

Еј ти — што ме гледаш љубопитно — ќе ти доверам нешто. Штом ќе појдеш зракот на месечината да го одмениш, допирот ќе биде единственото што не ќе можеш ни да го оставиш ни да го понесеш. И тоа е непријатноста што веќе сега те следи. Затоа не заминувај од мојата рамка — или тоа прави го ретко. Мојата прегратка е нераскинлива. Нејзината топлина расте неподвижна. Во мене не е насликано времето зашто е безбојно.

7.

Можеби се прашуваш која сум. Очи имам и немам. Немам зашто не ги гледам твоите црти на лицето — твојата коса — не гледам како си облечен и дали се насмевнуваш. Очи имам зашто го гледам скриениот трепет во

твоето срце. Спомен на една сенка — сликарс... покојна прабаба.

Невена ВИТОШЕВИЌ, поет и сликар,
Белград

* Овие записи настанаа по повод изложбата на сликите и цртежите на Сергеј Андреевски во галеријата на театарот „Звездара“ во Белград, 1986.

## СЕРГЕЈ АНДРЕЕВСКИ — СЕРГЕЈ

Роден е во 1960 година во Скопје во знак на рак.
Дипломира на Факултетот за ликовни уметности 1985 г. во Скопје во класата на професорот Петар Мазев.

## САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:

1985. Скопје, Македонски народен театар
1986. Белград, Галерија на театарот „Звездара“

## ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ

1985 г. Сараево, „Заједно '85
1985 г. Белград, „Заједно '85
1985 г. Скопје „Експресија, гест, акција“ Музеи на Македонија
1985 г. Скопје, Годишна изложба на ДЛУМ
1986 г. Скопје, „Ликовен меѓупростор“, Музеи на Македонија
1986 г. Скопје, „Аквизиции“, Музеј на современата уметност
1986 г. Скопје, Графичка изложба на ДЛУМ, Универзитетска библиотека

## НАГРАДИ

Добитник е на наградата „Најдобар студент на IV година на одделот за сликарство“. (Факултетот не му го исплати паричниот дел од наградата, казнувајќи го заради „дрскоста“ да излага самостојно пред дипломирањето).
Откупна награда на Музејот за современа уметност во Скопје на изложбата „Заједно '85“ во Сараево и Белград.
Член е на Друштвото на ликовните уметници на Македонија

Адреса
Ул. „Владимир Комаров“ 15/19, Скопје
телефон (091) 423-826



# АМАДЕУС

**Уметничка галерија, Скопје**